Анализа на јавното мислење бр.03/2022

-

# Од пофалби до разочарувања: 2021 Анализа на јавното мислење за македонскиот процес на пристапување кон Европската Унија

Автори: Анамарија Велиновска, Иван Николовски и Мари Јеленка Кирхнер

-

февруари 2022



IDSCS | Институт за демократија Социетас цивилис - Скопје

KONRAD ADENAUER STIFTUNG

*Гледиштата изразени во овој документ се на авторот и не нужно ги одразуваат гледиштата на Фондацијата Конрад Аденауер и Институтот за демократија “Социетас Цивилис” - Скопје.*

# Импресум

**Наслов:** Од пофалби до разочарувања: 2021 Анализа на јавното мислење за македонскиот процес на пристапување кон Европската Унија

**Издавач**: Фондација Конрад Аденауер во Република Северна Македонија
Институт за демократија „Социетас Цивилис“ - Скопје

**Автор**: Анамарија Велиновска, Иван Николовски и Мари Јеленка Кирхнер

**Превод:** Гордан Танасков

**Дизајн:** Дејан Кузмановски

**Публикацијата може бесплатно да се преземе на:**

https://www.kas.de/en/web/nordmazedonien
http://www.idscs.org.mk

# Вовед

Во периодот од 2016 година досега, Институтот за демократија (ИДСЦС) и Фондацијата Конрад Аденауер (КАС) спроведуваат национална анкета на репрезентативен примерок за прашања кои се релевантни за процесот на интеграција на Северна Македонија во ЕУ. Иако во прашалникот постои конзистентност кога станува збор за одредени прашања содржани во него, во секоја од годините ИДСЦС и КАС додаваат нови прашања поврзани со конкретни политички случувања, па така и оваа година не е исклучок. Ова издание на анкетата конкретно ја разгледува перцепцијата која ја имаат граѓаните за динамиката на тековниот спор помеѓу Бугарија и Северна Македонија, за иницијативата Отворен Балкан и за таканаречената Ковид-19 дипломатија. Податоците ни овозможуваат да направиме споредбена анализа на трендовите присутни во јавното мислење, а истовремено да го осознаеме и генералниот став за најгорливото прашање во конкретната година. За да можеме поубаво да ги разбереме резултатите од истражувањето, секое прашање е контролирано, меѓу другите параметри, од аспект на политичка ориентација/ партизација и етничка припадност на испитаниците. Наодите од анализата се сумирани во вкупно четири категории: *1) барањата на Бугарија за деблокирање на процесот на пристапување на Северна Македонија во ЕУ 2) надворешните влијанија и преферираните сојузи на државата 3) природата на регионалната соработка во земјите од Западен Балкан 4) економската помош, особено во контекст на пандемијата со Ковид-19.*

Истражувањето од 2021 година беше спроведено преку телефонски интервјуа во текот на ноември, преку национален репрезентативен примерок од 1000 испитаници, со маргинална грешка од ±3,1%.

# 1. Преглед на актуелните политички случувања

–

Откако Северна Македонија го потпиша Преспанскиот договор, по што го смени уставното име на почетокот на 2019 година и се согласи да се придржува на новата методологија за проширување поттикната од Франција, во март 2020 година Советот на ЕУ одлучи да ги отвори долгоочекуваните пристапни преговори. И токму кога требаше да се одржи првата меѓувладина конференција, во ноември 2020 година, Бугарија го блокираше усвојувањето на преговарачката рамка поради прашања поврзани со идентитетот и историјата. За жал, во 2021 година не беше остварен никаков напредок во дијалогот меѓу Северна Македонија и Бугарија. Напротив, Бугарија постави и дополнителни барања во кои, меѓу другите е и статусот на бугарското малцинство во Северна Македонија. Поминаа три претседавања со ЕУ (германско, португалско и словенечкото) без да биде постигнат суштински резултат кој би довел до укинување на ветото. Згора на тоа, по оставката на поранешниот премиер Бојко Борисов, Бугарија не успеа да формира Влада по три последователни изборни циклуси[1]. Новата влада во Софија конечно беше формирана во декември 2021 година. Новоизбраниот премиер Кирил Петков изрази подготвеност за укинување на ветото и јавно ги објави барањата за укинување на ветото со шестмесечна забрзана патека за решавање на проблемите со Северна Македонија.[2]

Но, ветото на Бугарија не беше единствената актуелна тема во Северна Македонија. Како одговор на застојот во пристапните преговори, земјата се сврте кон зголемена регионална соработка. Оваа (засега) трилатерална иницијатива

---

[1] Николов, К. (2021), Политичката криза во Бугарија ќе доведе до трети парламентарни избори годинава, пристапено на 8 февруари 2022 година https://www.euractiv.com/section/politics/short_news/political-crisis-in-bulgaria-to-lead-to-third-parliamentary-elections-this-year/

[2] Тесторидес, К. (2021), Бугарскиот премиер ја посети Северна Македонија за да ја засили врски, пристапено на 8 февруари 2022 година

ги обедини владите на Албанија, Северна Македонија и Србија и има за цел да промовира единствен пазар на Западен Балкан кој е сличен со пазарот на ЕУ каде што е загарантирано слободното движење на стоки, услуги и луѓе. Отворен Балкан, како што беше наречен по промената на неговото името од Мини-Шенген, има за цел да покаже дека и покрај отсуството на јасни перспективи за членство во ЕУ, Западен Балкан е посветен на европеизација. Иако не може да се занемари позитивното внимание кое ѝ беше дадено на оваа иницијатива, таа сепак не беше сесрдно поздравена од сите во регионот туку покрена голема загриженост, меѓу кои и тоа дека претставува замена на вистинското членство во ЕУ, дека ја поттикнува економската интеграција а ги поткопува напорите за владеење на правото, дека ги фаворизира само трите земји учеснички од Западен Балкан и дека, конечно, ја засенува работата која ја прави Советот за регионална соработка и другите организации за унапредување на регионалната соработка со сите земји од Западен Балкан.

Застојот во процесот на пристапување во ЕУ се одрази на домашната динамика на реформи. Владата во Скопје повеќе се фокусираше на укинувањето на бугарското вето, а помалку на внатрешните реформи поврзани со ЕУ. Внатрешните реформи насочени кон зголемување на демократизацијата и усогласувањето на националното законодавство со европското *acquis* беа речиси ставени во мирување. Еден од процесите што можеше да го донесе процесот на европеизација во државата беше планот „Европа дома“[3]. Овој план предвидуваше реформи во областа на судството и владеењето на правото, јавната администрација, изборниот процес и климатските промени. Сепак, речиси девет месеци од неговото воведување, Владата не објави ниту една значајна активност што би значела успешно остварување на целите зацртани во планот.

---

3 Влада на Република Северна Македонија (2020) Агенда “Европа Дома” пристапена на 01 февруари 2022 https://www.sep.gov.mk/post/?id=5745#.YgZqR9_MKMo

Покрај тоа, највисоката стапка на смртност од Ковид-19 во Европа во одредени периоди од годината, корупциските скандали со високи владини функционери, пожарот во модуларната болница за Ковид-19 во Тетово кој се случи во септември 2021 година и последователно одбивање на поранешниот премиер Зоран Заев да ја прифати оставката на министерот за здравство се најдоа на врвот на листата на фактори кои доведоа до кумулативен ефект кој понатаму резултираше со драстично намалена поддршка за СДСМ на локалните избори.[4] По ова, поранешниот премиер Заев поднесе оставка од функцијата (вклучително и од партиската функција) и ова домашно турбулентно случување доведе до политичка криза во која фокусот беше ставен на избор на ново раководство во владејачката партија и формирање влада.

Северна Македонија сè уште нема излезено од кризата. Тековната пандемија и од неодамна енергетската криза сè нешта кои продолжуваат да се случуваат. Покрај домашните економски стимулации, земјата значително се потпира и на економската помош обезбедена од други финансиски институции. Набавката на вакцините беше предмет на финансиски сомнежи како и финансискиот капацитет на државата да ги набави и реализира вакцините. Пандемијата имаше значително влијание врз микро и малите компании, при што речиси три четвртини од сите компании се соочуваат, до одреден степен, со финансиски последици предизвикани од кризата[5] а таа имаше дури и поголемо влијание врз граѓаните и нивниот животен стандард[6].

---

[4] Нечев, З., Марковиќ, Н. (2021) Што се случи во Северна Македонија? 2021 година локални изборите и нивните последици

[5] Христовска М. Бојана, (2021) Анализа на ефектот од Ковид-19 врз работниците кои се дел од неформалната економија и привремено вработените работници, преку предлог мерки за нивна поддршка https://fosm.mk/wp-content/uploads/2021/05/analitika-analiza-kovid-19-i-neformalnite-rabotniczi-vo-rsm-finalna.pdf?fbclid=IwAR1kTg5rwz8CvHJieDzmLlEryKwJwBm0rcBIss8TqlZlg_H_h42EDFFVD78

[6] Трговска економија (2022) Инфлација на храна во Р. Северна Македонија https://tradingeconomics.com/macedonia/food-inflation#:~:text=Food%20Inflation%20in%20Macedonia%20averaged,percent%20in%20January%20of%202005.

# 2. Компромис со Бугарија – реалност или невозможна мисија?

Анализата ја разгледува перцепцијата на граѓаните во однос на областите за компромис со Бугарија а врз основа на нејзините три конкретни барања: ревизија на националните историски наративи, јазичните барања и состојбата на бугарското малцинство во Северна Македонија.

## 2.1. Повторно отворање на историските книги

Во 2017 година, Северна Македонија и Бугарија потпишаа Договор за пријателство, добрососедски односи и соработка. Договорот предвидуваше формирање на Комисија која ќе работи на заедничката историја меѓу двете договорни страни.[7] Оваа анализа го истражуваше ставот на јавноста кон ревидирањето на националните историски наративи, вклучително и за историските личности и настани од различни историски периоди.[8]

Повеќе од две третини од анкетираните граѓани (71%) сметаат дека Северна Македонија не треба да направи отстапки во однос на предложените историски наративи во замена за пристапни преговори со ЕУ, додека 19,4% сметаат дека исполнувањето на овие барања треба да биде опција доколку тоа го деблокира процесот на пристапување кон ЕУ.

[7] Марушиќ, С. Ј., (2021) Може ли Северна Македонија да ги исполни шесте барања на Бугарија?, пристапено на 7 февруари 2022 година https://balkaninsight.com/2021/10/19/birn-fact-check-can-north-macedonia-meet-bulgarias-six-demands-for-breakthrough

[8] Тука спаѓаат личности и настани од средниот век, отоманскиот период (особено поврзани со историското ВМРО), како и со Втората светска војна Македонско партизанско движење, антифашистичко востание 1941 година и неговите последици).

**Графикон 1.** Дали мислите дека Р. Северна Македонија треба да направи отстапки во врска со историските наративи со цел откочување на процесот на преговори со ЕУ? (%)




Анализирано според етничка припадност, јасно мнозинство од етничките Македонци (81,2%) цврсто се против ваква отстапка во однос на ова прашање, додека само 12,6% би се согласиле на исполнување на ова барање. Мнозинството етнички Албанци (50,9%) не го поддржуваат исполнувањето на овие барања дури и ако тоа го деблокира процесот на пристапување. Сепак, речиси една третина од овие испитаници (34,7%) би се согласиле на историска ревизија доколку тоа би го олеснило патот кон ЕУ.

**Графикон 1.1** Дали мислите дека Р. Северна Македонија треба да направи отстапки во врска со историските наративи со цел откочување на процесот на преговори со ЕУ? (по етничка припадност) (%)



Од аспект на партиска припадност, резултатите покажаа дека огромно мнозинство од симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ (82,5%) не се согласуваат за решение кое ќе значи ревизија на историјата, додека 67,1% од нивните колеги од СДСМ не се согласуваат со отстапки во овој дел. Видлива е поделбата во мислењата кај симпатизерите на ДУИ. Оние за „да" се 44% ако тоа го деблокира процесот на пристапување во ЕУ додека оние за „не" се 40,9%. Конечно, 75,2% од оние кои не гласале на последните избори не би се согласиле со никакво ревидирање на историјата, додека само 17% позитивно одговориле на прашањето.

**Графикон 1.2** Дали мислите дека Р. Северна Македонија треба да направи отстапки во врска со историските наративи за да може со цел откочување на процесот на преговори со ЕУ? (гледано од аспект на партиска припадност - како гласавте на последните парламентарни избори?) (%)




9 Премногу мала база на податоци, недоволна за толкување
10 Премногу мала база на податоци, недоволна за толкување

## 2.2. Можеме ли да најдеме заеднички јазик?

Едно од најмногу дискутирани бугарски барања се однесува на македонскиот јазик. Бугарската страна тврди дека македонскиот јазик е регионална варијанта на бугарскиот јазик и треба да се нарекува „официјален јазик на Република Северна Македонија“[11] во институциите на ЕУ. Ако се однесува на „македонскиот јазик“, со ѕвездичка треба да се додаде забелешката: „според Уставот на Северна Македонија“.[12]

**Графикон 2.** Дали мислите дека Р. Северна Македонија треба да направи отстапки во врска со јазикот со цел откочување на процесот на преговори со ЕУ? (%)




[11] Хајдари, У. (2020) Јазик: Јазичната болка во Бугарија го блокира патот на Северна Македонија кон ЕУ, пристапено на 7 февруари 2022 година https://www.politico.eu/article/ulgaria-north-macedonia-eu-accession-talks-language-dispute/

[12] Дончев, И. (2019), Што точно сака Бугарија од Северна Македонија? Accessed on 7 February 2022 https://bit.ly/3gHAf5k

Резултатите покажуваат дека 79% од испитаниците не мислат дека Северна Македонија треба да направи остапка во врска со јазикот. Само 12% сметаат дека ова барање треба да се исполни доколку тоа е корисно за процесот на пристапување во ЕУ.

Според етничка припадност, резултатите покажуваат солидно и речиси неподелено мислење кај Македонците, каде 86,8% не се подготвени да направат отстапки за својот јазик. Ваквата отстапка е подеднакво неприфатлива за помалото мнозинство Албанци (61,4%). Ова покажува меѓуетничко прифаќање на важноста на ова прашање и цврста позиција кај двете етнички групи.

Мнозинството кај Македонците веројатно укажува на тоа дека тие се чувствуваат историски и етнички повеќе поврзани со македонскиот јазик отколку Албанците.

**Графикон 2.1** Дали мислите дека Р. Северна Македонија треба да направи отстапки во врска со јазикот со цел откочување на процесот на преговори со ЕУ? (гледано од аспект на етничка припадност) (%)



Изминативе години во овој прашалник се забележуваа разлики меѓу поддржувачите на ВМРО-ДПМНЕ и на СДСМ по прашањата поврзани со националниот идентитет. Меѓутоа, во случајот со јазикот, поддржувачите на двете партии доминантно се согласуваат дека не треба да се прават отстапки. Мнозинството симпатизери на ДУИ (54,5%) сметаат дека Северна Македонија не треба да го исполни ова барање, додека една третина (32%) се задоволни со прифаќањето на барањата од Бугарија за јазикот. Перцепцијата дека Северна Македонија не треба да го задоволи ова барање преовладува кај мнозинството гласачи на секоја политичка партија.

**Графикон 2.2** Дали мислите дека Р. Северна Македонија треба да направи отстапки во врска со јазикот со цел отклучување на процесот на преговори со ЕУ? (гледано од аспект на партиска припадност - како сте гласале на последните парламентарни избори?) (%)




* Премногу мала база на податоци, недоволна за толкување
* Премногу мала база на податоци, недоволна за толкување

## 2.3. Бугарско малцинство во Северна Македонија

Уште едно бугарско барање кое е предмет на анализа во овој документ е подготвеноста на испитаниците за отстапки во однос на статусот на бугарското малцинство во Северна Македонија како пат кон укинување на ветото. Според македонското законодавство, за промена на Уставот потребно е двотретинско мнозинство, односно потребен е широк консензус меѓу политичките партии. Одговорите покажуваат дека околу 64,5% од анкетираните граѓани не би се согласиле да се исполни ова барање. 22,6% се согласуваат дека овој вид на преговори може да се прифати. Важно е да се напомене дека оваа анкета е спроведена во време кога бугарската страна сè уште немала разјаснето што точно мислела со ова барање. Споредено со другите две барања, историска ревизија (71%) и јазикот (79%), резултатите од ова прашање покажуваат незначително помал процент на испитаници кои одговориле со „не“ (64.5%).

**Графикон 3.** Дали мислите дека Р. Северна Македонија треба да направи отстапки во врска со положбата на бугарското малцинство во Р. Северна Македонија со цел откочување на процесот на преговори со ЕУ? (%)



Според етничка припадност, повеќе од две третини од Македонците (73,2%) не би се согласиле да отстапат за ова барање, додека 15,5% би прифатиле доколку тоа е од корист за процесот на пристапување во ЕУ.

Албанците имаат поделени мислења при што водат оние кои не би се согласиле за ова прашање (47,2%), наспроти 38% кои би се согласиле дека Северна Македонија треба позитивно да одговори на ова барање.

**Графикон 3.1** Дали мислите дека Р. Северна Македонија треба да направи отстапки во врска со положбата на бугарското малцинство во Р. Северна Македонија со цел откочување на процесот на преговори со ЕУ? (гледано од аспект на партиска припадност) (%)



Има само мали разлики меѓу симпатизерите на СДСМ (64,5%) и ВМРО-ДПМНЕ (70,5%). 41,5% од поддржувачите на ДУИ се противат на отстапки за статусот на бугарското малцинство, додека 20,5% од нив би се согласиле на оваа отстапка.

**Графикон 3.2** Дали мислите дека Р. Северна Македонија треба да направи отстапки во врска со положбата на бугарското малцинство во Р. Северна Македонија со цел отковчување на процесот на преговори со ЕУ? (гледано од аспект на партиска припадност - како сте гласале на последните парламентарни избори) (%)



# 3. Губење на влијанието на ЕУ и потрага по сојузници

Во следните параграфи, анализата се фокусира на перцепциите на испитаниците за најголем сојузник на Северна Македонија и за влијанието на странскиот фактор во земјата. Овие прашања се дел од анализата од 2017 година, со што овозможуваат следење на трендовите низ годините.

Во октомври 2021 година, Европската Унија и Соединетите Држави ја потврдија својата решителност да го зајакнат својот ангажман и поддршката за европската иднина на земјите од Западен Балкан.[13] Овие два актери играат најголема улога во влијанието врз регионот и врз самата РС Македонија[14]. Резултатите покажуваат дека, сепак, само САД се перципирани како странски фактор со најголемо влијание и тоа од значајна група на испитаници (45,16%). Имено, 19% од анкетираните граѓани сметаат дека ниту еден од понудените субјекти нема влијание како странски фактор (или не се сигурни во тоа). Германија е на третото место со 11%, со што ја надмина ЕУ (9,47%) за само 1,5%. На дното на табелата стои Русија, која има најголемо влијание според 2,7% од населението. Бидејќи само незначителен број од анкетираните граѓани (<1%) ја перципираат Кина како најголем влијателен фактор, истата не е прикажана во анкетата.

[13] Стејт департмент на САД (2021), Заедничка изјава за Западен Балкан, пристапено на 6 февруари 2022 година https://www.state.gov/joint-statement-on-the-western-balkans/

[14] Фајарабенд, Ф., Хансел, Л. Влијанието на надворешните актери во Западен Балкан пристапено на 8 февруари 2022 година https://www.kas.de/c/document_library/get_file?uuid=194afc48-b3be-e3bc-d1da-02771a223f73&groupId=252038

**Графикон 4.** Според вас, кој странски фактор има најголемо влијание во Р. Северна Македонија? (%)




Според етничка припадност, овогодинешните резултати покажуваат промена во перцепцијата, особено кај Македонците. За прв пат, Македонците гледаат поголемо влијание во САД во споредба со етничките Албанци кои традиционално ги фаворизираат САД во споредба со другите странски субјекти.[15] Само неколку Македонци ја гледаат ЕУ како субјект кој има најголемо влијание (7,8%), во споредба со огромните 50,1% за САД.

**Графикон 4.1** Според вас, кој странски фактор има најголемо влијание во Р. Северна Македонија? (гледано од аспект на етничка припадност) (%)




15 Николовски, И., Кирхнер М. J., (2021), Политички ролеркостер – година со настани за Северна Македонија на својот пат кон ЕУ https://idscs.org.mk/en/2021/02/07/political-rollercoaster-an-eventful-year-for-north-macedonia-on-its-eu-path/

Споредено со претходните години, перцепцијата на граѓаните за ЕУ (9,47%) е најниска откако ова прашање е дел од истражувањето.[16] Во однос на 2019 година, има драстичен пад од 44,8% на 9,5% во ставот кон ЕУ. Ова може да се доведе во врска со високите очекувања за отворањето на пристапни преговори со ЕУ што ги имаа граѓаните а кои се очекуваше да започнат во 2020 година. Сепак, оттогаш досега не се забележа конкретен напредок во процесот на пристапување во ЕУ. Неможноста на ЕУ да влијае на Бугарија за да го отвори патот кон ЕУ не само за Северна Македонија туку и за Албанија, веројатно придонесе кон тврдењето дека ЕУ нема значајно влијание во земјата. Дополнително, кризата со Ковид-19 ги смени приоритетите и подеднакво влијаеше на перцепциите во ЕУ и во Северна Македонија.

**Графикон 4.2** Според вас, кој странски фактор има најголемо влијание во Р. Северна Македонија? (гледано од аспект на претходни години) (%)




[16] ibid.

Кога станува збор за најголемиот сојузник на Северна Македонија, резултатите од 2021 година откриваат дека има поголема разлика меѓу испитаниците опфатени со истражувањето. САД се рангирани на прво место во овогодинешнава анкета (17,1%) а ЕУ на второ (13,1%), но веднаш зад нив е Русија (11,4%). Најголем процент од испитаниците се граѓани кои не знаат (17,6%) или одбиваат да одговорат на прашањето. Ова веќе зборува многу само по себе и бара внимание во време на глобална поларизација и растечки тензии на источното крило на НАТО.

Оваа година во анализата неопходно беше да се вклучи и уште еден субјект-Србија. Дипломатијата со вакцините на северниот сосед за време на пандемијата значително влијаеше на перцепцијата на испитаниците.[17] Србија е на четвртото место во анкетата со 8,5%, додека Турција е петта со 6,5%.

**Графикон 5.** Според вас, кој би бил најголем сојузник на Р. Северна Македонија? (%)




[17] Податоци за ова може да се најдат во последниот сегмент од оваа анализа.

Намалувањето на мислењето за ЕУ како најголем сојузник на Северна Македонија може да се забележи уште од 2020 година, но нема драматични промени кога станува збор за перцепцијата во однос на САД или Русија. Со текот на годините, мислењето во однос на САД е стабилно, а исто може да се каже и за Русија. Во споредба со 2020 година, има намалување на перцепцијата во врска со сојузништвото на Русија (од 23% во 2020 година на 11,4% во 2021 година) и мало намалување во однос на САД (од 20,9% во 2020 година на 17,1% во 2021 година). Најголемата промена се забележува кај луѓето кои не знаат кој е најголемиот сојузник на земјата. Овој процент е драстично зголемен од 1,3% во 2020 година на 17,6% во 2021 година.

**Графикон 5.1** Според вас, кој би бил најголем сојузник на Р. Северна Македонија? (споредба со претходните години) (%)



# 4. Зголемена регионална соработка или алтернатива за ЕУ?

Регионалната соработка веќе со години е дел од процесот на пристапување на земјите од Западен Балкан во ЕУ. Постепено, регионалната соработка се сметаше не само како начин за зајакнување на поврзаноста како средство за побрз пристап во ЕУ, туку и како интегративен процес во корист, пред сè, на самиот регион. Некои аналитичари дури и сметаат дека регионалната соработка е алтернатива на процесот на пристапување во ЕУ. Со цел да се истражат македонските мислења за ова конкретно прашање, прашалникот оваа година поставува прашања во врска со најчесто дискутираната и политички најистакнатата иницијатива: Отворен Балкан. Поради тоа што оваа иницијатива има нетранспарентни структури, нејасно е дали истата се одвива паралелно со процесот на пристапување во ЕУ или го надополнува тој процес.

На прашањето „Дали поддржувате близок сојуз со земјите од Западен Балкан со конкретен осврт оние кои се веќе дел од иницијативата за Отворен Балкан", резултатите покажуваат дека мнозинството од испитаниците даваат целосна поддршка за блиската соработка *во рамките на* процесот на пристапување во ЕУ. 58%). Сепак, иако бројот на поддржувачи е голем, постои релевантен процент на испитаници (26%) кои воопшто не би поддржале таков сојуз. 16% реагираат позитивно на ваквиот сојуз, без оглед на процесот на пристапување во ЕУ.

**Графикон 6.** Дали поддржувате близок сојуз со земјите од Западен Балкан? (Отворен Балкан)? (%)




На прашањето за членството во Евроазиската Унија како алтернатива на членството во ЕУ, Евроазиската Унија е поддржана од една третина од испитаниците во истражувањето, додека противниците на таа алтернатива имаат стабилно мнозинство од 53%.

**Графикон 7.** Дали би поддржале членство во Евроазиската Унија, предводена од Русија, како алтернатива за членството во ЕУ? (споредено со претходните години) (%)



Според етничка припадност, резултатите покажуваат дека Македонците се мошне поделени во нивната проценка за таквата алтернатива. И двете групи (да/не) гравитираат околу границата од 40%. Во 2020 година[18] мнозинството од Македонци не гледаа на ова членство како алтернатива на ЕУ (52,2%), додека годинава има намалување од 10%. Албанците, од друга страна, остануваат многу решителни во своето негативно мислење за такво членство. 78% од нив се на мислење дека таквото членство не е опција за Северна Македонија, а 13% се за членството.

**Графикон 7.1** Дали би поддржале членство во Евроазиската Унија, предводена од Русија, како алтернатива за членството во ЕУ? (гледано од аспект на етничка припадност) (%)




[18] Николовски, И., Кирхнер М. J., (2021), Политички ролеркостер – година со настани за Северна Македонија на својот пат кон ЕУ https://idscs.org.mk/en/2021/02/07/political-rollercoaster-an-eventful-year-for-north-macedonia-on-its-eu-path/

На крај, прашањето беше разгледано од аспект на партиска припадност („за кого гласавте на последните парламентарни избори“). Резултатите покажуваат забележлива разлика меѓу поддржувачите на ВМРО-ДПМНЕ кои доминантно го сметаат членството во ЕАУ како позитивна алтернатива (56%), наспроти 22% од поддржувачите на СДСМ. Не е јасно мислењето дали ЕАУ алтернативата за членство во ЕУ е присутно меѓу оние кои одговориле дека не гласале. Од нив, 42% се против ваквото членство, а 47% би го поддржале.

**Графикон 7.2** Дали би поддржале членство во Евроазиската Унија, предводена од Русија, како алтернатива за членството во ЕУ? (гледано од аспект на етничка припадност) (%)



# 5. Пријатели во криза

Здравствената, политичката и енергетската криза во земјава имаа сериозно влијание врз економијата. Во време на кризи, економската (вклучително и медицинската) помош на која се потпира земјата останува да биде важна за надминување и одржување на финансиската стабилност на државата. Во периодот од 2018 година, ИДСЦС и КАС вршат истражување на перцепцијата на населението во однос на најголемиот донатор во Северна Македонија. Поради пандемијата, ИДСЦС во овогодинешново истражување додаде и дополнително прашање со кое можеме да ја измериме перцепцијата на граѓаните во врска со најголемиот донатор на Северна Македонија од аспект на опрема и вакцини за борба против пандемијата со Ковид-19.

Се покажа дека испитаниците ја перципираат ЕУ како надворешен чинител кој обезбедува најголем дел од средствата за развој. Годинава овој процент е 21,6% од анкетираните граѓани, а второпласирани се оние испитаници кои не знаат кој ѝ овозможува финансиски средства на државата. Потоа следи САД на второ место со 16,5%. Сепак, во споредба со претходните години, во 2021 година перцепцијата за ЕУ како најголем донатор кај испитаниците е намалена од 46,9% во споредба со 2020 година. Намалувањето се забележува во однос на сите земји. Граѓаните не се сигурни дека знаат или имаат многу поделено мислење за тоа дека ниту еден фактор не придонесува за развојот на државата.

**Графикон 8.** Кој е најголем донатор на Р. Северна Македонија (обезбедува пари за развој) (%)




**Графикон 8.1** Според вас, кој е најголем донатор на Р. Северна Македонија (обезбедува пари за развој) (споредено со претходни години) (%)




Конечно, важно е да се констатира ставот на испитаниците на прашањето од каде треба да дојде финансиската помош. Мнозинството од нив (46,1%) сметаат дека Северна Македонија не мора да има никакви преференции од каде доаѓа помошта. 26,5% од испитаниците сметаат дека

помошта треба да дојде од ЕУ, а 16,5% ги гледаат САД како фактор кој обезбедува пари за развој, додека Русија е со 7,4%, а Кина се смета за претпочитан давател на економска помош за 3,63% од испитаниците.

**Графикон 9.** Од кој земја Р. Северна Македонија треба да добива најголем дел од економската помош? (%)




Од аспект на партиска припадност, има интересна разлика во мислењето меѓу симпатизерите на СДСМ и ДУИ од една и симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ од друга страна. Оние кои најмногу веруваат во ЕУ како донатор на економска помош се оние кои на последните парламентарни избори гласале за ДУИ (51,3%), а потоа следат симпатизерите на СДСМ со 44%. Наспроти нив, 17% од поддржувачите на ВМРО-ДПМНЕ сметаат дека Северна Македонија треба да добива средства од ЕУ. Најголеми, пак, проценти за „сите чинители" се од симпатизерите на СДСМ со 52% и симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ со 42%.

**Графикон 9.1** Од која земја Р. Северна Македонија треба да добива најголем дел од економската помош? (гледано од аспект на партиска припадност - за кого гласавте на последните парламентарни избори?) (%)




Во однос на пандемијата, анализата на резултатите дава јасна слика за тоа кој е најголемиот перципиран „помошник“ на земјата. Третина од испитаниците (30,6%) ја избрале Србија, зад ЕУ со 13,9% и Кина со 11,8%. Ова го покажува огромното влијание што дипломатијата со вакцините на Србија го имаше врз македонските граѓани, кога таа ја отвори својата граница за вакцинирање и на почетокот од пандемијата сподели дел од своите вакцини со Северна Македонија. Но, голем дел од испитаниците исто така не знаат или не сакаат

да одговорат на ова прашање, што доведува до заклучок дека не се доволно информирани за медицинската помош што ја добила земјата во последниве 2 години. Ниту испитаниците не ја согледуваат разликата меѓу помошта и набавката на овие вакцини. Најголем дел од вакцините кои потекнуваат од Кина, на пример, беа купени, додека најголем дел од вакцините кои потекнуваат од ЕУ се донирани. Поточно, од 1 декември 2021 година, Северна Македонија има примено/купено 2.097.162 вакцини, од кои 921.180 се донација. Повеќето од овие донирани вакцини (741.000) се од ЕУ и земјите членки на ЕУ.[19]

**Графикон 10.** Кој е најголем донатор на Р. Северна Македонија од аспект на опрема и вакцини за Ковид-19? (%)




[19] НВО Инфоцентар, „Патот на вакцините до Северна Македонија, #КовидИмунометар, 24–30 ноември 2021" https://nvoinfocentar.mk/wp-content/uploads/2021/12/ImmunoMeter-27_-24-30-November-2021.pdf

# Заклучок и клучни наоди

Наметнатите бугарски барања за укинување на ветото го одредуваат патот на Северна Македонија кон ЕУ. Севкупните трендови покажуваат дека отстапките не се прифатливи кај две третини или повеќе од оние што одговориле. Резултатите од истражувањето исто така покажаа дека граѓаните не се расположени за прифаќање на бугарските барања, дури и ако тоа би значело деблокирање на евроинтегративниот процес.

Во време со намален кредибилитет на ЕУ и без видливи случувања во процесот на пристапување во ЕУ, граѓаните се чувствуваат значително повеќе дезориентирани од кога било досега. На испитаниците им е сѐ потешко да препознаат потенцијален сојузник на земјата, што укажува на зголемената конфузија меѓу населението. За прв пат од 2017 година, одговорите кои не можат да го посочат најголемиот сојузник ја надминуваат перцепцијата за САД или ЕУ како сојузници.

Клучни наоди од перцепцијата на граѓаните се следниве:

- Две третини или повеќе од анкетираните граѓани сметаат дека Северна Македонија не треба да прави отстапки согласност бугарските барања бугарските барања поврзани со ревизија на историјата (71%), условот за јазикот (79%) и положбата на бугарското малцинство во Северна Македонија (65,4%).

- Најсилната меѓуетничка врска постои во однос на јазикот. Македонците (86,8%) и Албанците (61,4%) не би поддржале прифаќање на ова бугарско барање.

- САД се перципирани како странски фактор со најголемо влијание во Северна Македонија (45,1%). Испитаниците кои одговориле со „не знам“ се рангирани на второто место со 19%.

- Македонците (50,1%) гледаат поголемо влијание во САД отколку Албанците (36,6%), кои традиционално ги фаворизираат САД пред другите странски субјекти.

- Перципираното влијание на ЕУ во Северна Македонија се намали на најниско рангирање во последниве години (од 44,8% во 2019 година на 9,5% во 2021 година). Само малкумина Македонци гледаат на ЕУ како на субјект со најголемо влијание (7,8%).

- Перцепцијата на граѓаните за ЕУ како најголем сојузник на земјата се намали од 43,2% во 2019 година на 13,1% во 2021 година. Во исто време, процентот на испитаници кои одбиваат да одговорат на ова прашање се зголеми од 1,3% во 2020 година на 17,6% во 2021 година.

- Повеќе од половина од испитаниците (56%) поддржуваат поблиско сојузништво меѓу сегашните партнери од Отворен Балкан во рамките на процесот на интеграција во ЕУ.

- 53% од испитаниците не ја гледаат Евроазиската Унија како алтернатива на ЕУ.

- Повеќе од една третина од испитаниците (35%) не се свесни или не го препознаваат најголемиот донатор кој обезбедува финансиска поддршка за развојот на Северна Македонија. Процентот на граѓани кои ја препознаваат ЕУ како најголем донатор се намали од 44,8 отсто во 2020 година на 21,6 отсто во 2021 година.

- Мнозинството од испитаниците (46,1%) сметаат дека Северна Македонија не треба да има никакви преференции од каде доаѓа помошта и затоа треба да биде отворена за сите финансиски можности.

- Србија (30,6%) е препознаена од третина од анкетираните граѓани како најголем донатор на вакцини и медицинска опрема, а по неа се 25% од граѓаните кои не знаат да дадат одговор на ова прашање. Испитаниците речиси подеднакво ја перципираат помошта дадена од ЕУ (13,9%) и од Кина (11,8%) за време на пандемијата.

# Библиографија


Влада на Република Северна Македонија (2021) Агенда "Европа дома", https://www.sep.gov.mk/post/?id=5745#.YgZqR9_MKMo

Дончев, И. (2019), Што точно сака Бугарија од Северна Македонија? Accessed on 7 February 2022 https://bit.ly/3gHAf5k

Марушиќ, С. Ј., (2021) Може ли Северна Македонија да ги исполни шесте барања на Бугарија?, пристапено на 7 февруари 2022 година https://balkaninsight.com/2021/10/19/birn-fact-check-can-north-macedonia-meet-bulgarias-six-demands-for-breakthrough

НВО Инфоцентар, „Патот на вакцините до Северна Македонија, #КовидИмунометар, 24–30 ноември 2021" http://nvoinfocentar.mk/wp-content/uploads/2021/12/ImmunoMeter-27_-24-30-November-2021.pdf

Нечев, З., Марковиќ, Н. (2021) Што се случи во Северна Македонија? 2021 година

Николов, К. (2021), "Политичката криза во Бугарија доведе до трети парламентарни избори ова година", пристапено на 8 февруари 2022 година https://www.euractiv.com/section/politics/short_news/political-crisis-in-bulgaria-to-lead-to-third-parliamentary-elections-this-year/

Николовски, И., Кирхнер М. Ј., (2021), Политичка луда железница. Интересна година за Северна Македонија на својот пат кон ЕУ https://idscs.org.mk/en/2021/02/07/political-rollercoaster-an-eventful-year-for-north-macedonia-on-its-eu-path/ 33

Николовски, И., Кирхнер М. J., (2021), Политичка луда железница. Интересна година за Северна Македонија на својот пат кон ЕУ https://abcnews.go.com/International/wireStory/bulgarian-pm-visits-north-macedonia-boost-battered-ties-82326648

Стејт департмент на САД (2021), Заедничка изјава за Западен Балкан, пристапено на 6 февруари 2022 година https://www.state.gov/joint-statement-on-the-western-balkans/

Фајарабед Ф., Хансел, Ф. Влијанието на надворешните актери во Западен Балкан https://www.kas.de/c/document_library/get_file?uuid=194afc48-b3be-e3bc-d1da-02771a223f73&groupId=252038

Хајдари, У. (2020) Јазична бариера: јазичната болка во Бугарија ја блокира Северна Македонија Патот на ЕУ, пристапен на 7 февруари 2022 година https://www.politico.eu/article/ulgaria-north-macedonia-eu-accession-talks-language-dispute/

Христовска М. Бојана, (2021) Анализа на ефектот од Ковид-19 врз работниците кои се дел од неформалната економија и привремено вработените работници, преку предлог мерки за нивна поддршка https://fosm.mk/wp-content/uploads/2021/05/analitika-analiza-kovid-19-i-neformalnite-rabotniczi-vo-rsm-finalna.pdf?fbclid=IwAR1kTg5rwz8CvHJieDzmLlEryKwJwBm0rcBIss8TqlZlg_H_h42EDFFVD78

# Информации за КАС

–

Слобода, правда и солидарност се основните начела врз кои почива работата на фондацијата Конрад Аденауер Штифтунг (КАС). КАС е политичка фондација тесно поврзана со Христијанската Демократска Унија на Германија (ЦДУ). Ние работиме на образовни програми за општеството и соработуваме со владини институции, политички партии, граѓански организации и избрани елити, градејќи силни партнерства. Заедно со нашите партнери даваме придонес кон создавањето на меѓународен поредок, кој овозможува секоја земја да се развива во духот на слободата и својата одговорност.

**Контакт податоци за КАС**

-

Адреса: ул. Ристо Равановски
бр.8, 1000 Скопје.
Телефонски број: +389 2 321 70 75
+389 23 21 70 76,
електронска пошта: Skopje@kas.de

# Информации за ИДСЦС

–

ИДСЦС е тинк тенк организација која го истражува развојот на доброто управување, владеењето на правото и европските интеграции на Северна Македонија. ИДСЦС има мисија да ја помогне граѓанската вклученост во носењето на одлуки и да ја зајакне партиципативната политичка култура. Преку зајакнување на слободарските вредности, ИДСЦС придонесува на соживот помеѓу различностите.

**Контакт податоци за ИДСЦС**

-

Адреса: ул. Мирослав Крлежа
бр. 52/1 /2, 1000 Скопје
Тел. бр.: +389 2 3094 760 ,
електронска пошта: contact@idscs.org.mk

# Информација за авторите

**Анамарија Велиновска** е помлад истражувач и проектен менаџер во Центарот за европски интеграции при Институтот за демократија “Социетас Цивилис” - Скопје. Велиновска има магистрирано на студиите за “Јавни политики” на Универзитетот од Единбург, како Чивнинг стипендист на Британската влада. Нејзините области од интерес се: европски интеграции, регионална соработка и надворешни политики.

**Иван Николовски** е надворешен истражувач во Центарот за европски интеграции во рамките на ИДСЦС. Николовски е докторанд на Централноевропски Универзит на Факултетот за политички науки, Јавни политики и меѓународни релации. Николовски е магистер во областа политички науки на Централноевропскиот Универзитет, со специјализација во областа споредбена политика. Полиња од интерес за Николовски се поделени општества, европски интеграции и меѓународни работи.

**Мари Јеленка Кирхнер** е надворешна соработничка и вонредна истражувачка на Центарот за европски интеграции во рамките на ИДСЦС. Кирхнер е докторантка на Универзитетот во Грац, која има магистрирано централно и источноевропски студии на Јагелонскиот Универзитет во Краков. Таа е основач на „European Thinkers' Lab“. Нејзините истражувања се фокусираат на европеизацијата и европската надворешна политика, особено во поглед на проширувањето на ЕУ.

# Линк

—

**Ова издание е електронски достапно на:**

-

https://idscs.org.mk/mk/portfolio/анализа-на-јавното-мислење-за-македон-5

https://www.kas.de/en/web/nordmazedonien/publications